**ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРАКТИВЕН ПОТКАСТ НА ТЕМА „МАЈЧИНО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ“**

Во рамки на проектот „ ***Health Cooperation with North Macedonia*** “, се распишува јавен оглас за прибирање понуди за подготовка, спроведување и промоција на три интерактивни поткасти на тема „Мајчино ментално здравје“, кои ќе се спроведат во општините Прилеп, Куманово и Свети Николе во периодот од 20 ноември 2025 до 31 мај 2026 година.

1. **Предмет на јавниот оглас**

**Подготовка, спроведување и промоција на три интерактвни поткасти (поткасти со публика):**

- Водител/водителка на поткастот, одговорен/одговорна за подготовка на прашања за поткастот во соработка со релевантни експерти на темата, водење/интервјуирање на самиот поткаст.
- Продукција на поткастот;
- Пост-продукција на поткастот;
- Снимање на кратки видеа (reels) поврзани со темата на поткастот;
- Промоција на поткастот на социјални медиуми и останати платформи во соработка со Здружение ЕСЕ.

2. **Право на учество**

Право на учество имаат физички и правни лица кои:

– располагаат со  соодветна опрема за водење, продукција и пост-продукција на поткаст;

– имаат најмалку две години искуство во подготовка и водење на поткасти;

- претходно работно искуство во областа на новинарството ќе се смета како предност.

3. **Рок и начин на доставување на понудите**

Понудите треба да содржат:

- CV на водителот/водителката на поткастот;
- Извод од Централен регистар (само доколку аплицира правно лице);
- Портфолио на претходно подготвени поткасти, со линк до електронските платформи каде се објавени поткастите;
- Цена за следните услуги во МКД денари за еден поткаст: 1. Бруто износ за хонорар за водител/водителка на поткастот; 2 Цена за продукција; 3. Цена за

постпродукција; 4. Износ за платена промоција на подкастот и поврзаните визуелни материјали.

- Контакт информации на понудувачот – телефон и е-маил.

**Понудите треба да се доставaт најдоцна до 14.10.2025 година, на е-пошта: esem@esem.org.mk.**

4. **Критериуми за избор**

- Најповолна вкупна цена;
- Квалитет на портфолиото од изработени подкасти.

Проектот се спроведува од страна на Здружение ЕСЕ, а е финансиран од Амбасадата на Република Франција.